СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 10/22

Излегува по потреба 28.09.2022 год. среда бр.10 година XXVI
Ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетотна Општина Новаци за 2022 година

1.Објавувам, Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2022г. донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/1 Општина Новаци
27.09.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-855/5
23.09.2022 год
Новаци

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М,,бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11,192/15,209/18,244/19,53/21,77/21, 150/21 и 173/22 год.), и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12,192/15,167/16,151,21), Советот на Новаци на 16-та седница, одржана на 23.09.2022 година, донесе:

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за 2022 година

Општ дел

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за **2022 година** се состои од:

I.Вкупни приходи	**БУЏЕТ**	**РЕБАЛАНС**
	159.616.842,00	**170.233.859,00**
Даночни приходи	6.500.000,00	7.710.000,00
Неданочни приходи	1.214.000,00	1.764.000,00
Капитални приходи	45.009.000,00	48.684.684,00
Приходи од дотации	34.678.000,00	36.331.000,00
Приходи од трансфери	72.015.842,00	75.012.540,00
Приходи од донации	200.000,00	731.635,00
II. Вкупни расходи	**162.083.509,00**	**173.071.160,00**
Од утврдени намени	161.683.509,00	172.671.160,00
Расходи од резерви	400.000,00	400.000,00
III.Дефицит	-2.466.667,00	-2.837.301,00
IV.Финансирање	**2.466.667,00**	**2.837.301,00**
Прилив	**3.000.000,00**	**3.370.634,00**
Домашни задолжувања	0	
Депозит	3.000.000,00	3.370.634,00
Одлив	**533.333,00**	**533.333,00**
Отплата на главница	533.333,00	533.333,00

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на Општината Новаци за 2022 година, а чиј составен дел се и Прегледот на развојните програми и тоа како што следува:

Член 3

Приходите и расходите во износ од **173.604.493,00 денари** искажани по основни намени во Билансот на приходи и расходи во буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2022 година, се распоредени по корисници и поблиски намени во посебниот дел

Член 4

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на ОпштинаНовраци влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општината Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за давање согласност за трајно преземањена административен службеник

1.Објавувам, Одлука за давање согласност за трајно преземање на административен службеник, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/2
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

ОДЛУКА
за давање согласност за трајно преземање на административен службеник

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за трајно преземање на административен службеник - Анета Киселоска вработена во Општина Кривогаштани на работно место Раководител на Одделение за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината, за вработување на неопределено време во Општина Новаци, на работно место Раководител на Одделение за правни, општи работи и јавни дејности во Одделение за правни, општи работи и јавни дејности на предлог од Градоначалник (бр.08-833/8 од 19.09.2022г.).

Член 2

Преземањето ќе се изврши со склучување на спогодба за преземање без објавување на јавен оглас, во согласност со закон.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци”.

Бр.14-855/6
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за измени и дополнувања на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 година

1.Објавувам Одлука за измени и дополнувања на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/3
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-855/7
23. 09. 2022 год
Новаци

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), во согласност со член 21 став 1 точка 7 и член 94 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНА ПРОГРАМА

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци

за 2022 година

Врз основа на прифатената Иницијативи од страна на Комисијата за урбанизам при Општина Новаци поднесена од страна на Митко Крстевски од с. Зовиќ, преку полномошник от Јован Матески, управител на дооел. Матески Архитекти, Битола под бр. 09-820/1 од 02,09,2022 предлагаме да се направи дополнување на оваа програма и во делот Урбанистички проекти под точка 9 да се внесе изработка и одобрување на:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП 1744, КП 1746, КП 1747, КП 1748, КП 1749, КП 1751, КП 1752, КП 1753, КП 1753, КП 1762, КП 1763, КП 1764, КП 1773 и дел од КП 1203 КО Зовиќ1, Општина Новаци

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на Урбанистички планови вон населено место
- Изработка на Урбанистички проекти

Имајќи го во предвид член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.32/2020) ќе продолжат постапките за изработка и донесување на следните документации за кои е одобрена планска односно проектна програма:

- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички

планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица
- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2022 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Новаци
2. УПС за село Гермијан
3. УПС за село Живојно
4. УПС за село Рибарци
5. УПС за село Градешница
6. УПС за село Будимирци
7. УПС за село Бач
8. УПС за село Горно Агларци
9. УПС за село Далбеговци
10. УПС за село Добромири

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

1. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Г2, Г3, Г4, КО Новаци вон град, Општина Новаци
2. Урбанистички план вон населено место за изградба на градби со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани, Општина Новаци

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Постапката за изработка и донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електроцентрала со моќност до 1 MW со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 468, КП 469, дел од 488 КО Новаци вон.гр, Општина Новаци заврши.

1, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена В5.1 – црква Св. Петар и Павле на КП 1820 КО Рапеш, Општина Новаци

2, Урбанистички проект за инфраструктура за Е1.7-топловод, село Новаци, Општина Новаци

3, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,1 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

4, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,2 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

5, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на ГП 1,3 на дел од КП 22/1 КО Гнеотино, Општина Новаци

6.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба – фекална канализациона мрежа и пречистелна станица во с. Добромири, Општина Новаци

7, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7,2MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци

8, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е1.13) - Фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 7MW на дел од КП 88/4 КО Гнеотино, Општина Новаци

9, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.7 – куќи за потребите на селскиот туризам на КП 1744, КП 1746, КП 1747, КП 1748, КП 1749, КП 1751, КП 1752, КП 1753, КП 1753, КП 1762, КП 1763, КП 1764, КП 1773 и дел од КП 1203 КО Зовиќ1, Општина Новаци

Согласно член 93 ќе продолжат постапките за следните плански и планско – проектни документации согласно претходниот закон:

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на намена ДЗ – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
4. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
5. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат ОП 114 врска крстосница с. Старавина - Р-1311 до с. Будимирци.
6. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Далбеговци
7. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна инфраструктура (дел од улична мрежа) во село Горно Агларци

8. Проект за инфраструктура за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура во село Долно Агларци
9. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 236) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци
10. Проект за инфраструктура за Мала хидроелектрична централа и цевковод (реф. бр. 235) со пратечки објекти на река Коњарка, КО Скочивир, Општина Новаци

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1, АУП за формирање на градежни парцели со намена Г2 за изградба на фабрика за производство на CO2, минерална вода и екстракти од треви и билки за КП бр.876 и КП бр.877/4 КО Новаци, согласно УПВНМ за фабрика за производство на на CO2 и екстракти од треви билки за градежна парцела бр.1, Општина Новаци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Претседател
Совет на општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Општина Новаци • Република Северна Македонија •

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за измена на одлуката за усвојување наПредлог-Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договорза административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата

1.Објавувам Одлука за измена на одлуката за усвојување на Предлог-Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-878/4
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за измена на одлуката за усвојување на Предлог-Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработениво општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата

Член 1

СЕ УСВОЈУВА измена на одлуката за усвојување на Предлог- Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата бр.14-790/33 од 23.08.2022г.(Предлог-Анекс)

Член 2

Се врши измена на Предлог-Анекс во член 20 а :
-став 3 делот за плата за образование се вреднува согласно Законот за административни службеници
-став 7 се менува на државните службеници им се додаваат бодови заради усогласување со порастот на минималната плата
-став 7 се менува во став 8

Член 3

Составен дел од оваа Одлука се:
-Колективен договор за административните службеници и другите вработени во општина Новаци бр.03-808/1 од 18.09.2018
-Предлог-Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата бр.03-793/2 од 22.09.2022г.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-855/8
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен

1.Објавувам Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/5
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на РМ,, 79/09), член 14 став 1 и 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална саамоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 21 став 1 точка32 и член 92 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.7/19), Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 23-09-2022 година донесе

О Д Л У К А
за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен

Член 1

СЕ ВОСПОСТАВУВА меѓуопштинска соработка помѓу Општина Новаци и Општина Ресен заради заедничко вршење на работи од областа на проценката на недвижен имот за определување на пазарната вредност на градежно и земјоделско земјиште на територијата на Општина Новаци, која се врши на начин што Општина Ресен ќе ја врши проценка на недвижниот имот во име и за сметка на Општина Новаци.

Член 2

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период од една година почнувајќи од денот на потпишување на Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Ресен.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,

Бр.14-855/9
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Решение за именување на членови за заедничка Комисија за подготовка на Предлог-Актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен

1.Објавувам Решение за именување на членови за заедничка Комисија за подготовка на Предлог-Актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-878/6 Општина Новаци
27.09.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ,, 79/09) и член 94 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.7/19), Советот на Општина Новаци на Седницата одржана на ден 23.09.2022 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и општина Новаци

1.За членови на заедничката Комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Новаци се именуваат:

1.Јовановска Летка и
2.Чукалевска Катерина

2.Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,

Бр.14-855/10 Совет на општина Новаци
23.09.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за субвенционирање на изградба на термофасади на Талевски П. Кире

1.Објавувам Одлука за субвенционирање на изградба на термофасади на Талевски П. Кире, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/7
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр.7/19), а во врска со член 20 од Правилникот за условите, критериумите, видот и начиот на финансиска поддршка, односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови, односно изградба на термоизолациони фасади во стамбените објекти за индивидуално домување (Правилник) бр.14-1035/26 од 13-12-2021 година („Службен гласник на општина Новаци,, бр.21 од 16-12-2021 година) и Предлогот на Градоначалникот за субвенционирање на изградба на термофасади бр. 08-9/19 од 29.08.2022г., Советот на општина Новаци на седницата одржана на 23.09.2022г. донесе

О Д Л У К А
за субвенционирање на изградба на термофасади

Член 1

На Талевски П. Кире од с.Новаци му се одобруваат 90.000,00 мкд за субвенционирање на дел од трошоците за изградба на енергетски ефикасни домови, односно изградба на термоизолациони фасади во стамбените објекти за индивидуално домување во Општина Новаци.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е барањето бр. 08-09/5 од 09-02-2022г. за финасиска поддршка за субвенционирање на изградба на енергетско ефикасни домови-термофасади и Предлогот на Комисијата за имплементација на Програмата за финансисккa поддршка на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови во стамбените објекти за индивидуално домување бр. 08-9/ 18 од 29-08-2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-855/11
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за усвојување на Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за 2023г.

1.Објавувам Одлука за усвојување на Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за 2023г, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-878/8
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за усвојување на Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиенаг“-Новаци за 2023 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишен план за вработување на ЈПКД Комунална Хигиена Новаци за 2023 година

Член 2

Составен дел на Одлуката од член 1 е Годишен план за вработување за 2023 година поднесен од ЈПКД Комунална Хигиена Новаци со бр.01-151/2 од 29.08.2022г (наш бр. 10-484/12 од 06.09.2022г).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Стевче Стевановски

Бр.14-855/12
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за давање согласност за утврдување на цените на услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена“-Новаци

1.Објавувам Одлука за давање согласност за утврдување на цените на услугите на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-878/9 Општина Новаци
27.09.2022 г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за утврдување на цените на услугите на ЈПКД “Комунална Хигиена” Новаци

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за утврдување на цените на услугите на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци согласно Одлуката од Управен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци.

Член 2

Составен дел на Одлуката од член 1 е Одлука за утврдување на цените на услугите на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци донесена од Управен одбор на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци со бр. 03-70/7 од 21.04.2022 г.(наш бр.10-484/11 од 06.09.2022г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци”.

Бр.14-855/13 Совет на општина Новаци
23.09.2022г. Претседател
Новаци Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за давање согласност за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с. Рибарци
во учебната 2022/2023г.

1.Објавувам Одлука за давање согласност за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/2023г., донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр. 08-878/10
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с. Рибарци во учебната 2022/2023г.

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/2023г согласно Одлуката на училишниот одбор на ООУ „Славко Лумбарковски“-Новаци.

Член 2

Составен дел на Одлуката од член 1 е Известувањето за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/2023г. од училишен одбор на ООУ„Славко Лумбарковски“- Новаци со бр.02-393/3 од 12.09.2022г(наш бр.15-842/1 од 12.09.2022г.) и Одлуката за прифаќање на барањата на родителите на учениците Тамара Ристевска од I одделение и Јована Раденковиќ од IV одделение со бр.02-393/2 од 12.09.2022г (наш бр.15-842/2 од 12.09.2022г/).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-855/14
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани „Оф Роад – Македонија“- Битола

1.Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани „Оф Роад – Македонија“- Битола, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 23.09.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр. 08-878/11
27.09.2022 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр.5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, донесе:

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани „Оф Роад – Македонија“- Битола

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на Здружение на граѓани Оф Роад–Македонија - Битола во износ од 20.000,00 денари за реализирање на настанот Добро Поле 1918-2022г.- велосипедска и 4х4 (оф роад) екскурзија.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Барање за одобрување на финансиски средства за настанот Добро Поле 1918-2022 бр.08-819/1 од 02.09.2022г.

Член 3

Средствата ќе се обезбедат од буџетот на општина Новаци за 2022г

Средствата ќе се исплатат со посебно решение од Градоначалникот на општина Новаци.

Член 4

За начинот на користење на одобрените финансиски средства да се достави Извештај за искористени финасиски средства

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци“.

Бр.14-855/15
23.09.2022г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Стасутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци“ бр. 07/19) донесувам

ЗАКЛУЧОК
